Заедници инклузивни за млади

ЕУ со ТЕБЕ

# ИНДЕКС

## ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА МЛАДИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО 2023 - 2024



Финансирано од Европска Унија

Национален младински совет на Македонија

ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ

yep! YOUTH EMPOWERMENT PLATFORM

**ИЗДАВАЧ:**
**Национален младински совет на Македонија**
ул. Вељко Влаховиќ, бр. 7/1-1, 1000 Скопје
www.nms.org.mk
info@nms.org.mk

**ЗА ИЗДАВАЧОТ**
Филип Ивковски, претседател

**АВТОРИ И УРЕДНИЦИ**
Борис Шарковски
Невенка Лонгурова Гирова

**СОРАБОТНИЦИ**
Мариана Ангелова, Ане Матевска, Александар Михајловиќ, Ана Наумоска, Деа Здравковска, Дејан Петровски, Ивана Атанасовска, Ивана Хаџи-Николова, Јорданчо Миневски, Кристијан Панев, Симона Станојевска

**ЛЕКТУРА**
Валентина Јошевска

**ДИЗАЈН**
Илија Станковски

**ГОДИНА НА ИЗДАВАЊЕ**
2024

Ова публикација е подготвена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Националниот младински совет на Македонија и не ги одразува ставовите на Европската Унија.

# ЗА ПРОЕКТОТ

Главната цел на проектот „Инклузивни заедници за млади“ е да ги ангажира младинските граѓански организации да им обезбедат поддршка на своите локални заедници, да ги искористат постојните механизми за учество во локалните политики и процесите на донесување одлуки кои се однесуваат на нивните потреби и потребите на нивните конституенти.

Главните активности на проектот вклучуваат: зајакнување на капацитетите на младинските организации и локалните младински совети преку серија работилници, следење на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, оценување на инклузивноста на младите во локалните самоуправи во Северна Македонија, изготвување препораки за политики и поддршка на младински иницијативи за застапување кои го зголемуваат младинското учество во јавната политика.
Проектот го спроведува Националниот младински совет на Македонија, заедно со партнерите Фондација за развој на локалната заедница – Штип, SFERA International Битола и Платформа за младинско јакнење ЈЕП – Гостивар. Проектот „Инклузивни заедници за млади“ е поддржан од Европската Унија
.

# ЗА ПАРТНЕРИТЕ

## НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) е платформа која ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска меѓу сите засегнати страни и која им обезбедува вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво. НМСМ е основан на 29 јуни 2013 година од 55 организации.

НМСМ е претставничко тело на младинските организации во Северна Македонија. Советот обединува сојузи, младински организации, организации за млади и подмладоци на други организации со цел да се промовираат и застапуваат младите и правата на младите во Република Северна Македонија.

Членството на НМСМ е разновидно, обединувајќи организации што работат на национално и на регионално ниво, во рурални и во урбани средини, студентски организации, разграноци на меѓународни организации и други типови здруженија. Во процесот на остварување на своите цели, НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Северна Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничко и културно потекло, политичко и верско уверување, сексуална ориентација, родов идентитет или каква било друга форма на разлика.

## ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Фондацијата за развој на локалната заедница Штип (ФРЛЗ) е формирана во декември 2006 и е правен наследник на Центарот за поддршка на НВО Штип. Мисијата на ФРЛЗ е ефективно учество на граѓаните во креирање на јавните политики и нивно доследно спроведување. ФРЛЗ има воспоставено добра соработка со граѓанските организации од Македонија, локалните и националните институции, бизнис-заедницата и медиумите.

Партнери на ФРЛЗ во поддршката на развојот на граѓанското општество во Македонија и промоцијата на принципите на владеење на правото и доброто управување се домашни и странски донатори. Фондацијата активно работи во секторите: децентрализација, добро управување, владеење на правото, лобирање и застапување, човекови права, транспаретност и отчетност, промоција на филнатропија и др.

Активностите на Фондацијата ги користат граѓаните, граѓанските организации, локалните и државните институции, бизнис-секторот, активни млади лица, медиумите и донаторите.

## СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ

Здружението за одржлив развој СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ – Битола е формирана во 2009 година која се фокусира на младите и на сите граѓани во Општина Битола за остварување на своите главни цели, активности и акции во рамките на нашата мисија, којашто е покренување на свеста и едукација на локалните заедници, преку неформални едукативни методи, на темите како: заштита на животната средина, културно и природно наследство, здрав живот, долгорочна одржливост на младинскиот развој и активно учество на младите преку волонтирање во Северна Македонија.

Визијата на СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ е чиста, еколошка животна средина во Република Северна Македонија и искористување на алтернативните извори за енергија.

СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ преку неформално образование поттикнува практикување здрав живот, грижа за животната средина, активно учество на младите во РСМ и волонтерство.

## ПЛАТФОРМА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Платформата за зајакнување на младите – ЈЕП, е формирана во 2015 година која се стреми да ги поддржи младите од Гостивар и околината преку негување на нивните лидерски вештини, охрабрување на нивниот граѓански ангажман и обезбедување технички вештини.

Мисијата на ЈЕП е поттикнување и зајакнување на младите преку различни проекти. Нашата цел е инспирирање и обучување на младите да преземат активна улога во процесот на донесување одлуки.

# СОДРЖИНА

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** 8

**ВОВЕД** 10

**ПРАВЕН КОНТЕКСТ** 12

*Закон за младинско учество и младински политики* 12

*Национална стратегија за млади* 16

*Закон за единците на локална самоуправа* 18

**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИНДЕКСОТ** 21

*Индикатор* 23

*Општини* 23

*Пристап* 23

# СОДРЖИНА

**АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО 2023.** 25

**ЗАКЛУЧОЦИ** 34

**ПРЕПОРАКИ** 36

*Прилог 1* 38

**БИБЛИОГРАФИЈА** 43

# СПИСОК НА КРАТЕНКИ

**ГО** – Граѓански организации
**ЛМС** – Локален младински совет
**АМС** – Агенција за млади и спорт
**ЕУ** – Европска Унија
**ЕЛС** – Единица на локална самоупрва
**НСМ** – Национална стратегија за млади

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Вклучувањето на младите и консултациите со нив остануваат камен-темелник на партиципативното и транспарентното владеење, клучно за овозможувањето на младите активно да придонесат кон својот општествен и локален развој преку сопствени идеи и учество. Иако основите за ова вклучување се утврдени во правните рамки на државата, особено преку доследна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики[1] и Националната стратегија за млади 2023-2027[2] праксата покажува дека има значителен простор за подобрување во нивното спроведување на локално ниво.

Оваа анализа, заснована на методолошки пристап кој вклучува барања за пристап до информации од јавен карактер и истражување на достапни информации од веб-страниците на општините, се стреми да им даде целосен преглед на тековните практики на локалните власти и граѓаните во однос на младинското учество на локално ниво.

Од анализата е јасно дека постојат обиди од страна на локалните власти за вклучување на младите, особено кога станува збор за информирање за нивните активности. Во тој контекст, локалните власти активно ги користат сите расположливи средства за комуникација, овозможувајќи им на граѓаните да имаат општа претстава за активностите на нивната локална власт. Сепак, овој заклучок се однесува на информирањето на општата јавност, без да се креира посебен пристап за посебните целни групи, вклучително и за младите. Транспарентноста на општините се сведува на информирање на јавноста за почетокот и крајот на спроведените проекти, без да се спроведат консултации со јавноста, а уште помалку да се спроведат одделни консултации со младите. Истото важи и за пристапот до услуги; ЕЛС не предвидуваат посебни алатки за да им се олесни пристапот до услуги на граѓаните, а уште помалку посебни алатки наменети за младите, како целна група со посебна динамика. Како и кај информирањето, ЕЛС не ги третираат младите како одделна целна група за која треба да се понудат посебни алатки за користење на услугите на ЕЛС. Ова особено се однесува на дигитализацијата на услугите; очекувано е дигиталните услуги да ги користат повеќе младите, но таквите алатки не се подготвени и понудени од страна на ЕЛС.

1. <https://www.slvesnik.com.mk/Issues/862649465cf4432aadcb4119f52bfd81.pdf>
2. <https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/nsm23-27-sluzhben-vesnik.pdf>

Предизвици се појавуваат во сферата на еднакво и ефективно вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и нивна имплементација. И покрај постојните механизми и средства претставени во правните рамки, тие често се перципираат како комплицирани и обврзувачки да се применат со минимум критериуми, што го ограничува нивното користење од страна на граѓаните и доведува до селективна употреба од страна на локалните власти. Пред сè, ова се однесува на функционирањето на Локалните младински совети (ЛМС), како механизам замислен да ја обезбеди младинската перспектива во сите јавни политики. Иако постои правна основа и волја за младинско учество, за ефективна реализација и вистинско вклучување на младите во локалното одлучување потребни се дополнителни напори и подобрувања. Анализава покажува дека мал дел од општините имаат формирано ЛМС, а и онаму каде што се формирани не постои разбирање за нивната улога. Имено, интересите на младите не се фокусирани само на локални политики кои се однесуваат на нив туку и на теми кои не се нужно поврзани со млади, но се круцијални за животот во локалните заедници, како што се буџетот, урбанистичките планови и капиталните инвестиции, но се чини дека консултациите често се површни и служат повеќе како формалност, а ЛМС не се гледаат како механизам кој мора да ја дава младинската перспектива во сите политики.

Анализата покажува дека ЕЛС многу ретко ги користат средствата од буџетите на ЕЛС за иницијативи поврзани или иницирани од млади. Оние кои финансираат вакви активности најчесто се однесуваат на стипендии за најдобрите ученици или поддршка на талентирани ученици за учество на меѓународни натпревари. ЕЛС немаат поттикнувачки мерки за развој на иновативност и/или претприемништво кај младите и покрај изјавите дека миграцијата на младите е најголемиот проблем во општините надвор од Скопје.

Оваа анализа нуди пакет-препораки за локалните власти, граѓаните и другите заинтересирани страни за унапредување на процесите на младинското учество на општинско ниво, со крајна цел за постигнување поголема транспарентност, отчетност и ефективност во локалното владеење.

# ВОВЕД

Социјалниот индекс претставува значаен истражувачки напор кој вклучува месеци на истражувања, собирање податоци, селектирање, трансформации и пресметки. Ова не би било можно без теренските работници, по еден во секој од регионите, кои ги собираат податоците. За оваа потреба беа ангажирани 8 теренски работници, по еден за секој од осумте плански региони, кои врз основа на заедничики развиена матрица со индикатори ги прибираа податоците од секоја од општините во планските региони.

Оваа анализа е во рамките на проектот „Заедници инклузивни за млади", финансиран од Европската Унија и спроведуван од Националниот младински совет на Македонија во партнерство со Фондација за развој на локалната заедница Штип, Сфера интернешнал Битола и Платформа за младинско јакнење ЈЕП Гостивар.

Со цел да се зголеми вклученоста на младите во креирањето политики од страна на ЕЛС, во рамките на проектот се дизајнираше и се спроведе Индекс за социјална инклузија на младите на локално ниво. Овој индекс ги оценува вклученоста на младите во локалните заедници во Северна Македонија, вклучувајќи ги: пристапот до услуги, информациите, вклученоста на локалните политики, учеството на младите во одлучувачките процеси и процесите на креирање политики. Индексот покажува рангирање на ЕЛС според социјална вклученост на младите, како и добри практики и препораки за подобрување. Документот ќе биде објавен за употреба од други институции. Преку оваа активност проектните партнери го пилотираат овој процес, методологијата ќе биде достапна за сите заинтересирани страни и лесно применлива за следење на подобрувањата на локалните самоуправи во годините по завршувањето на проектот.

Општата цел на проектот е подобрување на локалното управување преку зголемување на вклученоста и општественото влијание на младите во општествениот живот на локално ниво. За да се придонесе кон остварувањето на оваа цел, проектот има цел да го искористи одрживиот механизам за учество на младите во процесот на јавно политичко одлучување на локално ниво, предвиден во Законот за младинско учество и младински политики, кој ќе има значителен и директен позитивен ефект на локалните заедници.

Специфичните цели на проектот вклучуваат поддршка на локалните власти во развојот и спроведувањето политики преку призмата на младите, со засилување на механизмите за учество на младите, изградба на капацитетите на младински ГО-и, како и поттикнување на дијалогот и социјалната кохезија и борбата против дискриминацијата и сегрегацијата.

# ПРАВЕН КОНТЕКСТ

Правниот систем во Македонија соодветно ги третира младите (согласно со Законот за младинско учество и младински политики, млади се од 15 до 29 годишна возраст), со регулатива наменета за младите како посебна целна група во општеството. И покрај слабата имплементација на Законот за младинско учество и младински политики, направен е позитивен исчекор во подобрување на состојбата на младите со неговото донесување. Во Македонија на сила е и Национална стратегија за млади што ја прави една од ретките држави кои имаат ваков документ.

Она што е важно да се истакне се и неодамнешните значајни промени во правниот и организацискиот сегмент поврзани со младинските политики и младинското учество во нашата земја. Овие измени произлегуваат од усвојувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа[3], закон кој доведе до реорганизација и на Агенцијата за млади и спорт каде што сите надлежности на агенцијата поврзани со млади се префрлаат во новоформираното Министерството за социјална политика, демографија и млади. Формирањето на Министерството за социјална политика, демографија и млади означува нова ера во администрирањето и планирањето на младинските политики и младинското учество, но со оглед на оваа организациска транзиција, императив е да се ревидира и прилагоди сегашниот Закон за младинско учество и младински политики за да се усогласи со механизмите и структурата на новото министерство и да ги одрази улогите и одговорностите на новото министерство во младинските прашања.

## ЗАКОН ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Основен закон со кој се уредува учеството на младите во општествениот живот, како посебна група граѓани е законот за младинско учество и младински политики (Службен весник бр.10, јануари 2020 година). Со законот се даде рамка за младинското учество и младинските политики и се озакони посебната грижа на државата за младите, посебно во услови на енормна миграција на младите. Но, и покрај неговото донесување и законски нагласените рокови за обврските на државата кон младите, имплементацијата на законот сепак е на ниско ниво.

3 https://obse.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/legislation/ZAKON_ZA_IZMENUVANJE_I_DOPOLNUVANJE_NA_ZAKONOT_ZA_ORGANIZACIJA_I_RABOTA_NA_ORGANITE_NA_DRZAVNATA_UPRAVA_SV-44-2002.pdf>

Периодот од четири години по донесувањето на законот го одбележуваат економски и политички кризи, кои редовно беа користени како изговор за задоцнетата имплементација на одредбите од законот. Младите во овој период останаа само приоритет во изборните ветувања, а недостатокот од имплементацијата на законот само го зацврстува ставот на младите дека и покрај декларативните заложби, реално се ниско на агендите на носителите на одлуки. Врз основа на истражување спроведено од НМСМ во 2019 година, 13% од испитаниците сметаат дека не се слушнати од страна на носителите на одлуките, а со ваквата практика на државата уште потешко ќе се промени овој став на младите.

Предмет на уредување на овој закон се формите на младинско организирање, учество на младите во процесот на креирање младински политики и донесување одлуки кои се однесуваат на нив, стратешките документи на национално и на локално ниво, активностите и мерките кои ги преземаат органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа за унапредување на положбата на младите во општеството, како и информирање и заедничко планирање активности поврзани со и за млади.

Цел на законот е да обезбеди креирање и спроведување политика за млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите; зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога; промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување одлуки и политики; поддршка и унапредување на младинското организирање; поттикнување на структурен дијалог на национално и на локално ниво; поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинска работа и поттикнување личен, професионален и социјален развој кај младите

Во законот се регулираат и услуги кои ќе овозможат доближување на институциите и општините до младите, преку формирање канцеларии за млади, младински центри и именување службеници за млади. Општините и градот Скопје формираат канцеларија за млади од каде се координира работата за млади во општините и претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво и оттаму се координира

работата за млади во општините. Именуваниот службеник за млади во самата општината е предвидено да биде одговорното лице што е назначено за работењето на Канцеларијата за млади. Канцеларијата за млади во рамките на општината е местото во кое ќе можат да се обратат сите млади лица од општината и да се информираат во врска со прашања поврзани со младите, а во надлежност на општината. Согласно со законот, сите општини имаат обврска да формираат канцеларија за млади најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на Законот за младинско учество и младински политики. Рокот е истечен од 14 јануари 2021 година. Во однос на добиените податоци од општините, кај дел од нив сè уште постои дилемата околу тоа што е канцеларија за млади, а што е младински центар. Согласно со податоците добиени од страна на општините, 18 од нив тврдат дека имаат формирано канцеларии за млади што претставува 22% од општините.

Младинските центри се места каде што се подготвуваат и се спроведуваат програми што ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите. Согласно со Законот за младинско учество и младински политики, секоја општина има обврска да формира младински центар во рок од 5 години од денот на влегувањето во сила на законот. Процедурата за отворање младински центри и обезбедување на нивниот квалитет е дополнително утврдена со Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри, кој е донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт. Досега, младински центри има во 10% од сите општини. Од ова само 3 општини ги исполнуваат стандардите за квалитет на младинските центри согласно со Правилникот.

Според законот, сите општини, исто така, ја имаат обврската да именуваат службеник за млади, односно лице кое ќе биде одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, како и за координирање, спроведување и следење прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата. Именуваните службеници за млади се достапни на официјалната веб-страница на Агенцијата за млади и спорт, заедно со нивните електронски пошти, на кои младите можат да им се обратат. Од јавно достапните информации за службениците за млади, може да се утврди дека досега се именувани 53 службеници за млади во државните институции, односно органите на државна управа, а

65 во општините. Процентуално гледано, 80% од општините ја имаат исполнето истата обврска. Овој податок посочува тешкотии за имплементацијата на законот на локално ниво што се забележува од целокупната бавна и задоцнета имплементација на сервисите за млади во општините.

За спроведување на овој закон од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,3%. Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.

## ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

Локалните младински совети претставуваат тела на локалната самоуправа кои ги сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во општината, кои имаат советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа.

Локалните младински совети имаат улога да го гарантираат младинското учество на локално ниво, односно на ниво на о пштина. Самиот закон предвидува креирање локален младински совет во секоја 81 општина. По усогласувањето на Статутот, о пштината распишува повик за формирање иницијативен одбор, кој се состои од формите на младинско организирање препознаени од законот и кои се активни во општината. Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание за млади во согласност со Статутот на општините, и по одржување на првата конститутивна седница на локалното собрание на млади, Иницијативниот одбор се распушта. Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Собранието на млади објавува јавен повик за членови на локалниот младински совет. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје. Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади. За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле

најмногу гласови од страна на присутните делегати. Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик-претседател.

Во поглед на имплементацијата, Националното собрание на најмногу гласови од страна на присутните делегати. Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик-претседател.
млади, следствено и Националното советодавно тело за младински политики сè уште не се формирани, а Локални младински совети има во 34 општини (42% од вкупниот број општини).

Претставниците на локалниот младински совет имаат право да предлагаат точки на дневен ред на Советот на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје кои ги засегаат младите, да иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, да иницираат, да учествуваат и да даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики, да доставуваат информации до општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје за прашања кои се однесуваат на младите и вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со овој закон

## НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2023 - 2027[4]

Признавајќи ги младите како носители на позитивните промени, ресурс за иновации и идна движечка сила на социјалниот и економскиот развој, Владата донесе Национална стратегија за млади 2023–2027. Согласно со стратегијата од исклучителна важност е постојано и систематски да се вложува во нивниот[5] развој, но и во воспоставување механизми за нивно активно учество во општествените процеси. Само со градење вистинско партнерство помеѓу институциите и младите ќе се осигури дека политиките се инклузивни, ги одразуваат и адресираат вистинските потреби и поттикнуваат социјална интеграција. Националната стратегија за млади на Република Македонија 2023-2027 ги поставува основните принципи и насоки за акција на сите чинители во општеството кои ќе водат кон подобрување на социо-економската положба на младите и кон создавање средина која ќе им овозможи на младите да ги остваруваат своите права, потреби и интереси. За потребите на оваа стратегија, а согласно со досегашната историска, социјална,

4. <https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/nsm23-27-sluzhben-vesnik.pdf>

политичка и етичка практика терминот млади се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години. Главен императив на стратегијата е да се унапреди положбата на младите во општеството поставувајќи основни принципи на делување и мерки кои нудат реформа, пред сè за институциите. Со цел структурирано да се пристапи на низата различни прашања поврзани со правата на младите, интервенциите предложени во оваа стратегија се поделени во девет клучни области, и тоа:

1. Младинско учество
2. Младинско информирање
3. Младинска работа
4. Образование
5. Култура
6. Здравје
7. Претприемништво и поддршка пред вработување
8. Безбедност (насилство)

Локалните институции ќе бидат целосно координирани со Агенцијата за млади и спорт при планирање и спроведување локални програми за младински развој. Локалните власти ќе одржуваат продуктивна и конструктивна комуникација и соработка со младите и здруженијата на млади на локално ниво со цел за соодветно спроведување на стратегијата во инклузивен и консултативен процес.

Граѓанскиот сектор којшто спроведува програми и проекти за млади има голема одговорност за развојот на севкупниот живот на младите луѓе. Позитивниот пристап кон третирање на младинските проблеми треба да биде паралелно со усогласувањето на своите планови и програми со целите и мерките предвидени со НСМ. Граѓанскиот сектор треба да ги насочи своите капацитети при јакнење на младите да бидат независни и самостојни, да бидат проактивни и да бидат активни чинители во социо-политичкиот развој на Република Македонија.

Локалните стратегии за млади се стратешки документи на ЕЛС со кои, во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Тие претставуваат основа за развој на локалните младински

политики на конкретната општина во годините во чиј период е донесена стратегијата. Локалната стратегија содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на локалната стратегија за млади. Локалната стратегија за млади, заедно со акциските планови, се изработува од страна на општините во соработка со локалниот совет на млади, а се спроведува со буџетски средства од конкретната општина. Согласно со податоците добиени од спроведениот мониторинг, во 11 општини се спроведени консултации со младите за Локална стратегија за млади, а во 7 општини е усвоена Локалната стратегија за млади, односно само 8% од општините, согласно со податоците од 2023 година.

## ЗАКОН ЗА ЕДИНЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА[5]

Законот за локална самоуправа (Службен весник бр.5, јануари 2002 година) не го опфаќа специфично младинското учество и младинските политики, но ги дава општите начела за учество на граѓаните во одлучувањето на локално ниво кои се однесуваат и на младите. Со овој закон се воспоставува правната рамка за организирање на локалната самоуправа, која понатаму се надоградува со другите прописи. Законот ги дава општите насоки за функционирањето на единиците на локалната самоуправа и со него се уредуваат: надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата; местната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Одредени прашања, како што се финансирањето на општините, здружувањето и сл. се разработуваат во посебни закони. Општините се надлежни за вршење на следниве работи:

1. Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање;
2. Заштитата на животната средина и природата;
3. Локалниот економски развој;
4. Комуналните дејности;

5. <https://aa.mk/WBStorage/Files/Zakon_lokalnata_samouprava.pdf>

5. Културата;
6. Спортот и рекреацијата;
7. Социјалната заштита и заштита на децата;
8. Образование;
9. Здравствената заштита;
10. Мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
11. Противпожарна заштита.

Законот содржи посебна глава за информирање на јавноста „Органите на општината, комисиите на советот и јавните служби основани од општината се должни, без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината, на начин утврден со статутот. Општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап до основните информации за услугите што им ги обезбедува, на начин и под услови уредени со статутот“.

Непосредното учество на граѓаните е поединечно или колективно вклучување на жителите на општината во одлучувања за работи од локално значење на различни нивоа на одлучување. Граѓаните непосредно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, преку граѓанска иницијатива, собири на граѓаните и референдум. Трошоците за спроведување на непосредното учество на граѓаните во одлучувањето паѓаат на товар на општинскиот буџет. Облици на граѓанско учество се:

- граѓанска иницијатива;
- собир на граѓани;
- референдум;
- претставки и предлози; и
- јавни трибини, анкети и предлози.

Примената на законските одредби за учество на граѓаните преку законски предвидените облици е ограничена, пред сè поради комплексноста на процесите на собирање потписи и потребните рокови и цензуси за да се применува одреден облик. Идејата на овие облици е да се овозможи побрза и поефективна консултација со граѓаните за одредени локални прашања, поради што и одредени прашања можат да се решаваат само со одреден законски облик, имајќи ја предвид важноста и тежината на одлуката. Сепак, на државно ниво има само неколку примери

за користење на овие законски облици, а општините најчесто се решаваат за понеформалните начини за консултации, како што се претставки, предлози, отворени денови и директни средби. Дополнителна отежнувачка околност е што ниту еден од овие облици на граѓанско учество не е задолжителен. Имено, само кога се работи за промена на Детален урбанистички план постои законска обврска да се спроведе јавна анкета, додека за ниту еден друг облик на вакво учество ваква законска обврска не постои.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИНДЕКСОТ

Индексот е стандардизиран метод за следење на перформансите на одредена општествена група во одредена област. Овој социјален индекс ја оценува вклученоста на младите во локалните самоуправи во Северна Македонија, покривајќи аспекти како пристап до услуги, достапност до информации, вклученост на локалните политики, како и учеството на младите во одлучувачките и политичките процеси.

Целта на социјалниот индекс за вклученост е да се измери нивото на вклученост, напредокот и квалитетот на животот на младите во секоја општина. На тој начин, целта е да им се обезбедат на одлучувачите и граѓаните податоци кои ќе им помогнат да поставaт приоритети и да носат информирани одлуки. Социјалниот индекс за вклученост ги рангира општините според нивните перформанси во поддршката на вклученоста и еднаквоста на младите. Овој ранг ќе служи како алатка за идентификување области што бараат подобрување и за истакнување успешни практики што може да се реплицираат во други општини.

Социјалниот индекс, дизајниран и спроведен, има ограничувања и сите аспекти од социјалната инкузија не се вклучени во него. Фокусот е ставен на областите врз кои локалните власти имат надлежност, што значи вработеноста, ученичкиот/студентскиот стандард, здравство, образование, социјална заштита и култура, не се опфатени со ова истражување, поради тоа што ЕЛС или немаат влијание, или тоа влијание е исклучително ниско. Секако, општините можат да влијаат преку свои механизми за подобрување и во овие области кои се во надлежност на националните институции.

Највисокото ниво на рамката на индексот ни овозможува да синтетизираме три различни, иако поврзани прашања кои, заедно, ни даваат впечаток за нивото на социјален напредок: 1) Дали една општина ги обезбедува основните потреби за своите граѓани? 2) Дали се креирани основни услови за индивидуите и заедниците кои ќе ја зголемат и одржат својата благосостојба? 3) Дали постои можност за сите индивидуи да го остварат својот целосен потенцијал? Секое од овие прашања опишува димензија на социјалниот напредок, соодветно: основни човечки потреби, основи за благосостојба и можности.

Која било расправа за социјален напредок мора да вклучува дали населението на една земја има слобода и можност да ги прави

своите избори и да се образува. Личните права, личната слобода и изборот, вклученоста и пристапот до напредно образование придонесуваат кон нивото на можностите во дадена заедница. Оваа димензија на Индексот за социјален напредок можеби е најконтроверзна и најтешка за мерење. Всушност, важно е да се истакне дека заедниците, било тие со висок или низок приход, развиени или во развој, уште се соочуваат со моралната обврска да гарантираат еднакви можности за сите граѓани.

Мултидимензионалната конструкција на Индексот за социјален напредок не треба да се толкува како движење чекор по чекор кон напредок од една димензија кон друга. Тие три димензии се меѓусебно поврзани и фактички, статистички корелирани. Иако ги разликуваме овие три аспекти на социјален напредок, многу проблеми кои ги опфаќаат нив се во заемен однос еден со друг за да водат кон остварување на позначајна промена.

## 1. ИНДИКАТОРИ

Врз основа на достапните информации од проектот „Заедници инклузивни за млади“ и целите што овој проект ги има во однос на социјалната инклузија на младите на локално ниво, беа развиени пакет-индикатори, распоредени во 4 групи на интереси, како и начин за следење и прибирање информации за нив (достапна матрица во прилог 1).

Во истражувањето се опфатени областите во кои локалната самоуправа има надлежност, како што се: пристап до услуги, пристап до информации, вклучување во креирање јавни политики и донесување одлуки и имплементација на одредбите од Законот за младинско учество за формирање совет на млади како консултативно тело на општинските совети.

## 2. ОПШТИНИ

Примерокот на кој ќе се спроведува истражувањето се сите (80) општини во Р. Македонија.

## 3. ПРИСТАП

Во зависност од важноста на индикаторите што се истражуваат, за секое прашање се доделуваат бодови. Вкупно 23 индикатори, распоредени во 4 групи беа анализирани преку достапните податоци на веб-страниците на општините (таму каде што има),

преку прашалник доставен до општините и преку интервјуа со носителите на одлуки.

Максималните бодови што може да ги добие секоја општина е 81. Истражувањето е спроведено во периодот од 1 декември 2023 година до 31 мај 2024 година. Финалното рангирање на општините е извршено според степенот (процентот) на исполнување на обврските т.е. според индексот на социјална вклученост на младите на локално[13] ниво, којшто се добива како однос меѓу бројот на доделени бодови и вкупниот број можни бодови. Притоа, 0 е најнизок ранг, а 100 највисок.
Индексот на социјална вклученост на младите на локално ниво е поделен во 3 групи и тоа: општините со со 71 – 100 % исполнетост се рангирани во групата 'одлична', оние со 41 – 70 % во групата 'добра', со 0 – 40 % исполнетост – во групата 'незадоволителна' социјална вклученост на младите на локално ниво.

# АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО 2023.

Со истражувањето беа опфатени сите 80 општини во РС Македонија. Од сите општини само од 2 општини од Скопскиот Регион (Сопиште и Петровец) не добивме повратен одговор.

Само 4 општини се одлични и се квалификуваат како пријателски настроени кон младите и тоа Општина Охрид, Гостивар, Крива Паланка, Струмица и Гевгелија.

| Ранг | Општина | Процентни поени |
|---|---|---|
| 1 | Охрид | 93 |
| 2 | Гостивар | 85 |
| 3 | Крива Паланка | 74 |
| 4 | Струмица | 73 |
| 5 | Гевгелија | 71 |
| 6 | Теарце | 70 |
| 7 | Кавадарци | 69 |
| 8 | Кратово | 66 |
| 8 | Кочани | 66 |
| 10 | Дојран | 65 |
| 10 | Тетово | 65 |
| 12 | Боговиње | 64 |
| 13 | Делчево | 63 |
| 14 | Штип | 61 |
| 14 | Битола | 61 |
| 16 | Зелениково | 60 |
| 16 | Валандово | 60 |
| 16 | Центар | 60 |
| 19 | Куманово | 58 |
| 19 | Велес | 58 |
| 21 | Гази Баба | 56 |
| 22 | Македонски Брод | 54 |
| 22 | Прилеп | 54 |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | Струга | 54 |
| 22 | Пробиштип | 54 |
| 26 | Липково | 49 |
| 26 | Радовиш | 49 |
| 28 | Карпош | 48 |
| 28 | Зрновци | 48 |
| 28 | Кисела Вода | 48 |
| 28 | Кичево | 48 |
| 32 | Демир Капија | 45 |
| 32 | Дебар | 45 |
| 32 | Могила | 45 |
| 35 | Шуто Оризари | 44 |
| 36 | Богданци | 43 |
| 37 | Берово | 41 |
| 37 | Лозово | 41 |
| 37 | Крушево | 41 |
| 37 | Чашка | 41 |
| 37 | Новаци | 41 |
| 42 | Босилово | 40 |
| 43 | Бутел | 39 |
| 44 | Демир Хисар | 38 |
| 44 | Свети Николе | 38 |
| 46 | Брвеница | 35 |
| 46 | Македонска Каменица | 35 |
| 46 | Дебарца | 35 |
| 49 | Градско | 34 |
| 49 | Центар Жупа | 34 |
| 49 | Долнени | 34 |
| 49 | Врапчиште | 34 |

| | | |
|---|---|---|
| 49 | Јегуновце | 34 |
| 54 | Аеродром | 33 |
| 54 | Чаир | 33 |
| 56 | Маврово-Ростуша | 31 |
| 57 | Кривогаштани | 30 |
| 57 | Неготино | 30 |
| 59 | Ново Село | 29 |
| 60 | Виница | 28 |
| 60 | Ѓорче Петров | 28 |
| 62 | Илинден | 25 |
| 62 | Карбинци | 25 |
| 62 | Росоман | 25 |
| 65 | Пехчево | 24 |
| 65 | Чешиново-Облешево | 24 |
| 65 | Ресен | 24 |
| 68 | Старо Нагоричане | 20 |
| 68 | Желино | 20 |
| 68 | Сарај | 20 |
| 68 | Арачиново | 20 |
| 72 | Чучер Сандево | 19 |
| 73 | Конче | 18 |
| 74 | Ранковце | 16 |
| 75 | Василево | 14 |
| 75 | Пласница | 14 |
| 75 | Студеничани | 14 |
| 78 | Вевчани | 10 |
| 79 | Сопиште | 0 |
| 80 | Петровец | 0 |

Просечната оцена на социјалната вклученост на младите на локално ниво е 41% што е на долната граница на просечната вредност за социјална вклученост на младите на локално ниво. 55% од општините спаѓаат во групата „незадоволитена“ во однос на социјалната вклученост на младите на локално ниво. Од рангирањето очигледен е заклучокот дека руралните општини потешко се справуваат со овие прашања, за што дополнително треба да се истражат причините за ваквата состојба.




**Индекс на социјална вклученост на младите во општините**

- Одлична
- Добра
- Незадоволителна

Од 4-те области кои беа истражувани, општините се најдобри во однос на пристапот до услуги. Оваа група индикатори дава и општа слика за пристапот до услуги за сите граѓани, но се мереше и пристапот посебно на младите, преку прашања кои се однесуваа само на оваа целна група. Од добиените резултати 40% од општините се со ранг добри и одлични, а како најдобро рангирани општини се: Охрид, Велес, Битола, Струмица и Гостивар, а најлошо рангирани повторно се рурални општини.




**Индекс на општините - област пристап до услуги на младите**

- Одлична
- Добра
- Незадоволителна

Втората група индикатори беше сумирана во посебна група – Пристап до информации. Прашањата кои овде беа важни се однесуваа на тоа колку општините ги таргетираат младите, како посебна целна група и дали имаат предвидено алатки за информирање, наменети посебно за младите.

Резултатите покажаа дека во однос на пристапот до информации на младите 30% од општините се карактеризираат како незадоволителни, 39% се добри и 31% одлични. Најдобро рангирани општини по ова прашање се: Кисела Вода, Охрид, Берово, Зрновци, Дојран, Кратово, Кавадарци, Крива Паланка, Прилеп, Гази Баба, Кочани, Бутел, Демир Капија, Карпош, Штип, Валандово, Гостивар, Македонска Каменица, Делчево, Липково, Куманово и Битола.




Третата група индикатори се однесуваше на вклучувањето на младите во носењето и имплементацијата на јавните политики на локално ниво. Во однос на вклучување на младите во креирање јавни политики просечната оцена е 30% што на склата на рангирање спаѓа во незадоволително.

17,5% од општините воопшто не ги вклучуваат младите во креирањето јавни политики, само 4% од општините се рангираат како одлични во консултирањето на младите, останатите се во рамките на просекот. Како најдобо рангирани општини во оваа група прашања се: Охрид, Зелениково и Тетово. Ова е поврзано со консултациите со граѓаните, воопшто. Мал дел од општините применуваат алатки за ефективна консултација со граѓаните во носењето на локалните политики, а состојбата е многу полоша кога се работи за вклучувањето посебно на младите.




**Индекс на општините - област вклучување на младите во креирање јавни политики**

- Одлична
- Добра
- Незадоволителна

Четвртата група индикатори се однесува на законската обврска кои општините ја имаат согласно со Законот за младинско учество и младински политики, формирање совет на млади. Во однос на воспоставување функционални младински совети просечната оцена е 16% што е ранг на незадоволителна состојба. 48 општини или 60% од општините немаат формирано совет на млади, а во 15% од општините само формално е формиран советот без некое учество или влијание во креирањето јавни политики.
Функционални младински совети има воспоставено во Општините Теарце, Зелениково, Гостивар, Лозово и Гевгелија. Лошите резултати во оваа група се поврзани со резултатите од претходната група; ЛМС се замислени како институционален консултативен механизам за вклучување на младите. Некористењето алатки за вклучување на граѓаните, воопшто имплицира некористење и на овој консултативен механизам.




**Индекс на општините - област воспоставени функционални младински совети**

- Одлична
- Добра
- Незадоволителна

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

# ЗАКЛУЧОЦИ

Анализата на социјалната вклученост на младите на локално ниво покажа многу недостатоци кои бараат внимание од страна на локалните институции.

Генералните заклучоци се:

- Голем дел од законските обврски кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики не се исполнуваат или делумно се исполнуваат и покрај законските рокови;

- Голем дел од мерките предвидени со Националната стратегија за млади не се имплементирани;

- Учеството на младите во општеството повеќе се гледа како процес на информирање на младите, додека изостанува нивно суштинско и ефективно вклучување;

- И покрај декларативните определби дека младите се важни за развој на општините, тие ретко имаат мерки кои поттикнуваат нивно учество во креирањето и имплементацијата на јавните политики;

- Општините не ги таргетираат младите како посебна целна група во пристапот до информации и каналите за комуникација не ги моделираат според нивните потреби. Ова покажува дека и покрај изјавите за посебната важност на младите во општеството, ЕЛС не ги гледаат како посебна целна група.

- Општините не се ограничени со закон и можат да развиваат свои механизми за вклучување на младите во креирањето јавни политики;

- Советите на млади, најчесто не постојат, а онаму каде што постојат не се функционални.

- Општините при подготовка, но и реализација на нивните буџети не ги таргетираат младите како посебна целна група. Финансиската поддршка за млади најчесто се сведува на поддршка на спортски клубови.

- 52% од општините имаат планирано финансиска поддршка за младите во вид на стипендии, а во 37% од општините ги реализирале планираните средства. 15% од општините кои не ги реализирале планираните средства за стипендии се најмногу од Пелагонискиот Регион. Во Полошкиот Регион ниту една општина нема планирано ваков вид поддршка на младите;

- Граѓанските организации кои работат на младински прашања во рамките на своите можности прават напори да профункционира законот за младинско учество и младински политики.

# ПРЕПОРАКИ

Ефективното граѓанско учество за ЕЛС е предизвик и можеби најтешкиот дел за спроведување. Анализата на социјалната вклученост на младите на локално ниво покажа дека општините ќе мора да направат промени, пред сè во организациската структура и култура за да обезбедат спроведување на законот за младинско учество и младински политики..

Препораки:

- Соодветно и потполно да се имплементира законот за младинско учество и младински политики;
- Назначените службеници за млади да бидат лица на кои во примарниот фокус на работа ќе им бидат младите, нивните потреби и проблеми. Досегашната пракса кажува дека општините имаат назначено службеник за млади, но на лицето што ја извршува оваа функција му е само една од многуте други работни обрвски во други области;
- Да се воспостават канцелариите за млади во рамките на општината;
- Да им се овозможи физички пристап на младите со телесен инвалидитет (пристапни рампи, лифт);
- Да се иницират и применуваат различни алатки за учество на младите, кои се посободветни за нивната динамика. Ова им овозможува на општините да бидат креативни и иновативни при консултација со младите;
- Да се овозможи полесен пристап до веќе постојните алатки за граѓанско учество од страна на младите и граѓанските организации кои работат со млади и за млади, преку нивно подобрување;
- Да се формираат совети на млади во општините каде што не се формирани;
- Да се овозможат услови за вистинско вклучување на младите во креирањето јавни политики;

- Советите на млади да ги добиваат сите материјали за седниците на советите, а не да се селектираат „прашања релеванти за млади“, и да добиваат информации само за селектирани прашања;

- Да се зајакнат капацитетите на општинските совети за значењето и улогата на советите на млади. Да ги гледаат советите на млади како свое консултативно тело;

- Да се зајакнат капацитетите на советите на млади за одговорно и успешно да си ја извршуваат својата функција – советодавно тело на советите на општините;

- При подготовка на буџетите, општините посебно да планираат проекти и средства за поддршка на младите. Да ја исполнат својата обврска од 0,1% од буџетот на општината да биде наменет за младински прашања;

- Да се формираат Младински центри во општините;

- Да се развива поблиска соработка помеѓу општините и граѓанските организациии и вклучување на граѓанските организации во креирањето на програмите за работа на центрите за млади и во нивното управување;

- Да се промени фокусот, од информирање на младите, во нивно вклучување во процесот на донесување одлуки, во идентификација на проблеми, нудење и дискутирање решенија, имплементирање заеднички донесени решенија, набљудување и известување;

- Да се воведат дигитални алатки за вклучуваање на младите во носење на јавни локални политики, кои се посоодветни за нивниот ритам на функционирање;

- Да се додаде опцијата text to speech на веб-страниците на општината;

- Да се подобри соработката со ГО кои работат со и за млади.

# ПРИЛОГ 1

| СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА МЛАДИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Област** | **Индикатор** | **Извор на верификација** | **Тежина на индикатор** |
| **Пристап до услуги** | Дали општината доделува стипендии на млади | Прашалник Службен гласник | 2 |
| | Број на доделени стипендии за млади (спортисти, ученици, студенти) | Службен гласник | 3 |
| | Дали општината обезбедува јавен превоз (поврзаност со приградски населби и села) | Прашалник и проверка на терен | 2 |
| | Функционална физичка пристапност за хендикепирани лица (лифт, рампа) | Прашалник и проверка на терен | 2 |
| | Воспоставена канцеларија за млади | Службен гласник и проверка на терен | 2 |
| | Доколку има, број на корисници | Список за евиденција на канцеларијата за млади | 3 |
| | Во општината функционираат месните заедници | Прашалник | 2 |
| | Општината има назначено службеник за млади | Прашалник | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општината има центар за млади | Прашалник | 2 |
| | Дали општината доделува простор за младински организации | Прашалник | |
| | Дали општината покрива наемнина за простор за младински организации | Прашалник | |
| | Општината има планирано финансиска поддршка за млади во буџетот за 2023 | Прашалник | 3 |
| | Доколку да, колку средства има планирано општината | Прашалник | |
| | Општината има доделено финансиска поддршка за млади за 2023 | Прашалник | 3 |
| | Доколку да, колку и за што се доделени средствата | Прашалник | |
| | Дали од ставката 463 имаат поддржано младински ГО регистрирани во АМС | Прашалник | |
| | Дали имаат доделено финансиски средства за центар за млади и активности на центарот | Прашалник | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Дали општината има доделено средства за Локален младински совет | Прашалник | |
| | Општината има планирано финансиска поддршка за млади во буџетот за 2024 | Прашалник | 3 |
| | Доколку да, колку | Прашалник | |
| | Дали општината има е-услуги | Прашалник | |
| **Пристап до информации** | Општината има веб-страница | Веб-страница | 2 |
| | Дали има интегрирано алатка за лица со попреченост | Веб-страница | |
| | Општината има канцеларија за информирање на граѓаните | Прашалник | 2 |
| | Статистичка проверка колку пати го има зборот млади на веб-страниците | Скриншот од проверка | 3 |
| | Општината има профил на Фејсбук | Скриншот од проверка | 2 |
| | Општината има профили на други социјални медиуми | Скриншот од проверка | 2 |
| | Општината постира содржини релевантни за младите | Скриншот од проверка | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Број на постирани содржини | Скриншот од проверка | 3 |
| | Општината ги има објавено на веб-страницата членовите на ЛМС и нивните контакти | Скриншот од проверка | 2 |
| | Општината промовира активности за млади преку веб и социјални мрежи | Скриншот од проверка | 2 |
| **Јавни политики** | Младите се вклучени во подготовката на локалните стратегии | Список за евиденција на присутни (копија/скен) | 2 |
| | На кој начин се информираат младите за вклучување за подготовка на стратегии | Прашалник | |
| | Колкав е бројот на вработени во општината | Прашалник | |
| | Број на вработени лица помлади од 29 години во општината | Прашалник | 3 |
| | Општината има усвоена стратегија за млади | Службен гласник | 2 |
| | Општината има усвоен акционен план за млади | Службен гласник | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општината ги вклучи младите во процесот на планирање на буџетот за 2024 | Прашалник | 2 |
| | Ако да, како ги вклучува | Прашалник | |
| | Општината објавува записници од одржаните консултации за буџетот | Прашалник<br>Копии од записници | 2 |
| **Совет на млади** | Општината има формирано совет на млади | Службен гласник | 2 |
| | Општината редовно испраќа материјали за совет кои им се испраќаат на членовите на ЛМС | Прашалник | 2 |
| | Општината доставува покани до ЛМС за присуство/учество на седниците на совет | Прашалник и проверка на терен | 2 |
| | Број на присутни членови од ЛМС на седниците на совет | Прашалник | 3 |
| | ЛМС одржува состаноци најмалку 4 пати годишно | Копии од записници | 2 |
| | Број на дадени предлози до советот на општината | Прашалник и проверка на терен | 3 |
| | Број на прифатени предлози од советот на општината | Прашалник и проверка на терен | 3 |

# БИБЛИОГРАФИЈА


- Закон за младинско учество и младински политики (<https://www.slvesnik.com.mk/Issues/862649465cf4432aadcb4119f52bfd81.pdf>)

- Закон за локална самоуправа (<https://aa.mk/WBStorage/Files/Zakon_lokalnata_samouprava.pdf>)

- Национална стратегија за млади <https://ams.gov.mk/campaign/naczionalnata-strategija-za-mladi-2023-2027>

